РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
„СОВЕТ НА ОПШТИНАТА“
Бр. 07-1057/1
22.06.2011 год.
ПЕХЧЕВО

# ЗАПИСНИК

## Од дваесеттата редовна седница на Советот на општина Пехчево одржана на 22.06.2011 година

## Дневен ред

1. *Усвојување на записникот од претходната седница;*
2. *Усвојување на Предлог - Програмата за одбележување на празници и значајни личности во општина Пехчево;*
3. *Утврдување на Нацрт - Детален Урбанистички План за населба Борис Ќосев - Пехчево;*
4. *Усвојување финансиски извештај на ЈКП Комуналец- Пехчево за 2010 година;*
5. *Усвојување на финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2011 година;*
6. *Усвојување на извештајот за извршени работи на ЈКП Комуналец - Пехчево за 2010 година;*
7. *Предлог - Одлука за измена на Статутот на општина Пехчево;*
8. *Информација за здраствената исправност на водата во општина Пехчево;*
9. *Разгледување на извештајот за реализација на одлуки од Советот;*
10. *Барања од граѓани;*
11. *Советнички прашања;*
12. *Разно;*

Отсутен е Борис Капушевски. Седницата започна во 14:00 часот. Претседателот ја отвори дваесеттата седница и предложи да се додадат уште неколку точки: Усвојување на финансискиот план на ЈПУД „Равен„ - Пехчево, Усвојување на програмата на ЈПУД „Равен„ - Пехчево и формирање на комисија за проценка на возила. Претседателот праша дали некој има збор во врска со дневниот ред. Бидејќи никој не побара збор се премина на гласање по дневниот ред. Дневниот ред заедно со измените беше еденогласно усвоен.

Се премина на усвојување на записникот од претходната седница. Збор зеде Богдан Стојановски кој побара да му се изготви одлука како што е напишано во записникот. Бидејќи никој друг немаше збор се премина на гласање. Записникот беше едногласно усвоен.

Бидејќи во меѓувреме пристигна директорот на ЈПУД Равен - Пехчево претседателот предложи да се премине на точките со Равен. Се премина на усвојување на програмата на ЈПУД Равен Пехчево. Претседателот се извини за доцнењето на материјалите во врска со овие точки. Збор зеде директорот на ЈПУД „Равен„ - Звонко Бочварски кој објасни повеќе околу формирањето на претпријатието и околу неговите надлежности. Потоа поопширно објасни за плановите на претпријтието за ова година и кажа дека некои од нив и се реализирани. Збор зеде Јован Кацарски кој рече дека комисијата го усвојува планот и истото го препорачува и на советот. Се премина на гласање. За гласаа сите советници.

Се премина на предлог програмата за одбележување на значајни празници и личности. Збор зеде Јован Кацарски бидејќи претседателот на комисијата е отсутен и ја објасни програмата поопширно. Кажа дека тоа е всушност за одбележување на Павловден и го објасни начинот на кој комисијата предлага да се одбележи овој ден. Претесдателот збор и даде на Марија Ризовски која го кажа одговорот на Градоначалникот во врска со предложената програма. Градоначалникот одговорил дека предложената програма е доста убаво замислена и би било убаво да се реализира меѓутоа за ова година има замислено прославување на друг начин и веќе се организира прославата. Некои од точките ќе се реализираат меѓутоа нема да се реализира ова програма во целост. За наредната година да се состанат комисијата заедно со Градоначалникот за да може програмата на советот целосно да се реализира. Заклучок е предложените точки од Советот да се вметнат во програмата на општината за да се реализираат оние точки кои што можат да се реализираат а за останатите да се реализираат за наредната година.

Се премина на следната точка од дневниот ред Усвојување на финансискиот извештај на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево. За збор се јави Драги Тренчевски кој предложи извештајот да не се усвојува бидејќи директорот повторно не е присутен на седница. За збор се јави и Љупчо Костадинов кој рече дека доколку не се усвои предлогот на Драги Тренчевски се негираме самите себе. Треба да бидеме доследни на тоа што ќе го заземеме како став. Јован Кацарски рече дека нема потреба да се прават дополнителни трошоци на претпријатието бидејќи со или без усвоен извештај и план за работа претпријатието ќе си продолжид а си работи како што си работело досега само што можат да го казнат што секако ќе биде товар кој не мора да му се наметнува. се премина на гласање. Предлогот беше усвоен со 6 гласа за и 4 против.

Се премина на усвојување на финансискиот план на ЈКП Комуналец - Пехчево. Збор зеде Љупчо Костадинов кој рече дека има многу забелешки во врска со планот на ЈКП Комуналец. Предлага од вкупните приходи 30% да бидат наменети за тезги за Градскиот пазар. Ги образложи точките од планот со кои што не се согласува. Рече дека доколку се усвои овој извештај наредната година повторно ќе го добиеме истиот и предлага да не се усвои. Бидејќи никој друг не побара збор се премина на гласање. За гласаа 7 советници 3 против .

Се премина на следната точка од дневниот ред Усвојување на извештајот за извршени работи на ЈКП Комуналец - Пехчево за 2011 година. За збор се јави Љупчо Костадинов кој рече дека од тоа што е напишано во извештајот од снабдувањето со вода е задоволен исто така е задоволен и од одржувањето на канализационата мрежа. Носењето на сметот е делумно подобрено. Одржувањето на уличното осветлување не е само да се смени светилка туку и потребно е да се офарбаат канделабрите. Во с. Умлена не е санирана

канализационата мрежа. Рече дека овие забелешки треба да се вметнат за наредните извештаи да не се повторуваат истите грешки. Исто така реече дека во дневниот ред има грешка треба да се напише 2010 година. Бидејќи никој не побара збор се премина на гласање. Одлуката беше усвоена со 7 гласа за и 3 против.

Се премина на следната точка од дневниот ред усвојување на измените на Статутот на општина Пехчево. Претседателот објасни дека се работи за вметнување во Статутот на форуми во заедницата како и одредени измени во врска со надлежностите на Градоначалникот. За збор се јави претседателот на комисијата Јованка Пешначка која рече дека комисијата го усвоила предлогот и истото го препорачува ин а Советот. Одлуката беше едногласно усвоена.

Се премина на следна точка од дневниот ред разгледување на извештајот за реализација на одлуки од Советот. Советниците предложија да се одложи оваа точка наредна седница бидејќи треба да се продискутира повеќе.

Се премина на информацијата за здраствената исправност на водата. Информацијата беше прочитана од страна на претседателот.

Се премина на усвојување на предлог одлуката за формирање на комисија за проценка на возило во сопственост на општина Пехчево. Претседателот Ванчо Сивевски рече дека комисијата за членови ги предлага:

Дарко Ќурчиски
Зоранчо Поповски
Богдан Стојановски

Советот едногласно го усвои предлогот.

Се премина на барања од граѓани. Се премина на барањето од група граѓани од с. Црник за реконструкција на водоводната мрежа. Љупчо Костадинов се јави за збор и рече дека зафатот е правен по проект. Заклучок потребно е да се направи проект за повторна реконструкција.

Се премина на назначување на Мефаил Кантуров за член и претседател на комисиите во кои што претходно била член Марија Михаиловска. Едногласно усвоено.

Се премина на предлогот сите советници да бидат членови во комисијата за венчавки. Доколку некој советник е спречен да присуствува на венчавка да си најде замена. Предлогот е едногласно усвоен.

Седницата заврши во 16:30 часот.

Записничар
Марија Ризовски

Оверувачи на записникот
Јован Кацарски

Ванчо Сивевски